Членовите на историската група објавиле и други значајни научни монографии во кои за прв пат врз марксистички основи е расветлено историското минато на македонскиот народ и на народностите кои живеат во Македонија, како и на другите народи и народности во Југославија. За својата научна вредност повеќе од овие трудови се удостоени со највисоки републички и други признанија. Со највисоката републичка награда „11 Октомври" се наградени тројца членови, со наградата „13 Ноември" на градот Скопје за наука двајца членови, исто така за својот наставно-научен придонес двајца наши членови добиле признание за „Животно дело", четворица ја добиле наградата „Климент Охридски" итн.

За унапредувањето на универзитетската настава и историската наука голем број членови од нашава група имаат добиено и високи признанија доделени од Претседателот на Републиката.

Во последните години повеќе наши членови беа ангажирани и во организирањето на повеќе научни собири, посветени на класиците на научниот социјализам (Маркс, Енгелс, Ленин), а и на револуционерното и теоретското дело на Јосип Броз Тито.

Заедно со Институтот за национална историја, како и со други сродни институции, а во духот на реформата на Универзитетот, во последно време ННСГ за историја сè поздружно дејствува во реализацијата на повеќе научни проекти од републичко и југословенско значење. Имено, наши членови се ангажирани во реализацијата на проектите: Историја на КПЈ (СКЈ; Историја на КПМ/СКМ, повеќетомната историја на македонскиот народ и др.

На крајот, заблагодарувајќи се уште еднаш за ова високо признание за досегашната наставно-научна работа на ННСГ за историја, сметам дека го делам мислењето на сите мои колеги дека наградата „Гоце Делчев" ќе нè поттикнува да оствaруваме уште поголеми творечки успеси на полето на историската наука.

Скопје, 11. VI 1980 год.

Шеф на ННСГ за историја
при Филозофскиот факултет

Проф. Др. Бранко ПАНОВ

## „ТРКАЛЕЗНА МАСА" ПО ПОВОД 40-ГОДИШНИНАТА ОД ОДРЖУВАЊЕТО НА ПОКРАИНСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА КПЈ ВО МАКЕДОНИЈА

На 8 септември 1980 година се навршија 40 години од одржувањето на Покраинската конференција на Комунистичката партија на Југославија во Македонија. По тој повод марксистичкиот центар „Мито Хаџивасилев — Јасмин" на 8 и 15 септември 1980 година организираше „Тркалезна маса" со цел поцелосно да се расветлат историските услови во кои е одржана Конференцијата и да се објасни нејзиното значење во вековната борба на македонскиот народ за национална и социјална слобода и за создавање на соп-

ствена држава[1]). Уводно излагање на „Тркалезната маса" поднесе Славка Фиданова.

„Одржувањето на Покраинската конференција на КПЈ во Македонија, на 8 септември 1940 година, во Скопје, претставува мошне значаен настан за работничкото движење во Македонија во периодот меѓу двете светски војни. Всушност, за партиската организација во Македонија, за времето од 21 година, од обновувањето на нејзината работа во 1919 година, ова е прва конференција одржана со претставници на партиските организации само од територијата на Македонија, што сведочи за практичната реализација на усвоените ставови на КПЈ по националното прашање, потврдени на Четвртата земска конференција на КПЈ во 1934 година, а подоцна повторени во писмото на другарот Тито до Веселин Маслеша, претставникот на ЦК КПЈ за Србија. Од тие причини оваа Конференција со право може да се смета како прва национална партиска конференција за Македонија.[2]) Инаку, одржувањето на Покраинската конференција претставуваше составен дел на подготовките за одржување на Петтата земска конференција на КПЈ, во октомври 1940 година, која по обемноста на подготовките, по бројот на присутните делегати и сериозноста на ситуацијата во која се најдоа народите на Југославија, како што велеше другарот Тито, имаше карактер на конгрес. Гледано низ таа призма, Покраинската конференција на КПЈ во Македонија, има извонредно големо историско значење за македонскиот народ и за народностите во Македонија. Без неа не би можела да се објасни улогата на македонските комунисти во 1941 година, нивниот отпор против сите обиди однадвор да ја узурпираат партиската организација во Македонија и да ѝ ја наметнат опортунистичката линија по прашањето за вооруженого востание, а со тоа да го спречат македонскиот народ, во заедничка борба со другите народи на Југославија потив окупаторот и колаборационистичките сили, да си извојува социјална и национална слобода."[3])

Меѓутоа, и покрај неподелените мислења и извонредното значење на Конференцијата, овој настан во историјата на КПМ во нашата историографија, не е доволно проучен и расветлен. Тоа, во основа, е обусловено од оскудноста на архивските материјали за Конференцијата. Имено, сочувани се само нејзината Резолуција, кратките белешки од дискусијата на Петата земска конференција на КПЈ, илегалниот печат „Билтен" и „Искра" од тој период, прогласи и летоци што излегуваа во 1940 и 1941 година. Мемоарските, пак, материјали, објавени и необјавени, не само што се си-

---

[1]) Во разговорот на „Тркалезната маса" учествуваа: Боге Кузмановски, Михајло Апостолски, Александар Христов, Орде Ивановски, Бошко Станковски, Владимир Брезовски, Миле Тодоровски, Владо Картов, Никола Чинго, Данчо Зографски и Владо Ивановски.

[2]) Како што е познато, на 7. I 1920 година се одржа Покраинската партиска конференција за Македонија и стара Србија, на која е формирано покраинско раководство за овие две територии.

[3]) Славка Фиданова, Уводно излагање на „Тркалезната маса".

ромашни туку се и контрадикторни, така што не овозможуваат постудиозен научен приод кон овла проблематика.

Инаку, Конференцијата е одржана во мошне сложени внатрешни и меѓународни политички односи. Впрочем, по доаѓањето на другарот Тито на чело на КПЈ, во август 1937 година, започна обновувањето и консолидацијата на КПЈ, додека партиската организација во Македонија се наоѓаше во тешка положба како резултат на неколкуте провали по воведувањето на Шестојануарската диктатура, а во провалата во април 1937 година во Македонија беа затворени близу 150 лица заедно со покраинското партиско раководство. Со тоа не само што се прекинаа врските со ЦК КПЈ туку се преминало врските и меѓу самите организации, со што беше забавен процесот на консолидирањето и обновувањето на Партијата во Макдеонија.

Но познато е дека другарот Тито постојано вложуваше напори за воспоставување партиски врски со сите организации во земјата, а такви врски настојуваше да обезбеди и со Партијата во Македонија, при што и самиот лично доста се ангажираше.

Во ситуацијата кога војната сѐ повеќе ја зафаќаше Европа и се надвиснуваше над Југославија и кога внатрешно-политичките и класните спротивности во земјата растеа до неподносливост, неопходно беше партиската организација во Македонија, што побргу, да воспостави врски со ЦК КПЈ, уште повеќе што дваесет години насобраните нерешени прашања во Македонија, особено националното, ја постигнаа својата кулминација, така што можеше лесно да стане средство за манипулација во рацете на разни сепаратистички струи и групи во служба на фашистичките освојувачи. Оттука, Земското советување на КПЈ на 8 и 9 јуни 1939 година, донесе заклучоци на оваа покраина (Македонија) да ѝ посвети особено внимание и да се зафати со реорганизација и активизација на КП во Македонија за мобилизирање на широките слоеви на угнетените народи во Македонија во борбата за слобода и рамноправност. Набргу по ова советување, со помош на ЦК КПЈ, во јули 1939 година е формиран привремен ПК на КПЈ за Македонија.

Посебни материјали од кои може да се добие јасна слика за организационата состојба на Партијата во Македонија во времето на одржувањето на Конференцијата нема. Единствен материјал од кој може да се добијат податоци е записникот од Петтата земска конференција на КПЈ. Според него, во Македонија, во тоа време, имало 16 партиски организации, во поголемите градови, со 247 членови на КП, од кои 61 отсто биле работници, а 22 отсто селани. Процесот, пак, за обновување и консолидација на Партијата бил проследен со нејзина жива политичка активност, во која се користеле најразлични средства и форми. Тоа ѝ овозможило на Партијата да се здобие со доверба кај широките работни маси и да се афирмира како единствена општествено-политичка сила во Македонија. Воедно, со тоа биле создадени услови за свикување на Покраинската партиска конференција.

На Конференцијата, покрај членовите на Покраинскиот комитет, присуствувале и делегати на партиските организации од Скопје, Куманово, Велес, Прилеп, Кавадарци, Тетово, Охрид и Крушево — вкупно 17 учесници.[4]) Требало да присуствуваат и делегати од партиските организации од Битола, Ресен, Струмица и Гостивар, но поради провалите во Битола и Ресен, тие не биле во можност да присуствуваат, а не пристигнале и делегатите од Струмица и Гостивар.

Главни теми за кои расправала Конференцијата биле: политичкиот реферат во кој, покрај другото, централно место заземало националното прашање, организациониот реферат, со посебен осврт на положбата на тутунопроизводителите.

На Конференцијата со тајно гласање бил извршен избор на Покраинскиот комитет и на делегатите за Петтата земска конференција на КПЈ, а била усвоена и Резолуција, во која позитивно се оценети успесите во обновувањето на партиската организација и во нејзиното организационо и идеолошко јакнење.

Со цел за натамошно јакнење на Партијата, Конференцијата поставила нови задачи од организационен карактер, а како најважни се издвојуваат: 1) борбата за јакнење и зачувување на чистотата на Партијата, 2) создавање на единството во редовите на работничката класа, 3) создавање челичен сојуз меѓу работниците, селаните, македонската интелигенција и целиот македонски народ против српските империјалисти и поробувачи, 4) создавање на општ македонски национално-револуционерен фронт како дел од општата борба на пролетаријатот на Југославија, бидејќи само во сојуз со работниците на Југославија и со македонското национално ослободително движење може да се стави крај на српскиот империјализам и да се донесе слобода на сите народи: српскиот, македонскиот и другите потиснати народи на Југославија.

Меѓутоа, во целосното осветлување на значењето на Покраинската конференција на КПЈ во Македонија, неопходно е да се согледаат конкретните настани што се случиле неколку години порано, таму некаде до 1934 година, па и пред тоа. Имено, во тие години веќе се забележуваат нови струења во Партиската организација во Македонија.[5]) Тие особено се чувствуваа по доаѓањето на другарот Тито на чело на КПЈ во 1937 година. Обновувањето на Партијата се вршеше низ акција. Во тоа време се водеше жестока битка против социјал-демократите, кои ги имаа заземено урсовите синдикати и против граѓанските политички групи. Во освојувањето на синдикатите се одеше одоздола, преку нивните подружници. Така, комунистите во Скопје го освоија Месниот меѓуструковен одбор, есента 1939 година. Комунистите во Македонија

[4]) Кај некои научни работници во земјата се срекаваат податоци дека на Конференцијата имало 25 делегати.

[5]) На овој проблем посебно се осврна Боге Кузмановски во својата дискусија.

слични акции изведуваа и во другите градови, кои непосредно водеа кон јакнење на Партијата.

Сепак, до целосна оценка за историското место и за улогата на оваа Конференција не ќе може да се дојде, ако таа не се смести во поширокиот контекст на светската сцена, односно ако објективно не се согледаат тогашните меѓународни односи. Меѓутоа, во целосното оценување не ќе може да се заобиколи и значењето на еден документ за националното прашање во Македонија, пишуван од група затвореници во Сремска Митровица, некаде во 1938 или 1939 година. Во него опширно се зборува за Илинденското востание и Крушевската република како значајни фактори во националната и социјалната борба на македонскиот народ, односно се зборува за политичкиот живот воопшто во земјата.[6])

Во проучувањето на Покраинската партиска конференција во Македонија, меѓутоа, треба да се има критички приод и тоа како за состојбите во Покраинскиот комитет така и за односот на Конференцијата кон некои прашања, особено кон прашањето на колонистите, а уште повеќе кон она што се случуваше во Македонија по Конференцијата, особено за односот кон Петтата земска конференција на КПЈ. Во натамошните научни истражувања треба уште повеќе да се расветли безпримерното ангажирање на другарот Тито во заздравувањето на партиската организација во Македонија.[7])

Факт е дека по Петтата земска конференција на КПЈ, во Македонија дојде до осека во дејствувањето на Партијата и Синдикатот, во споредба со 1939 година, а Конференцијата, сепак, е одржана. Расветлувањето на овие состојби сигурно ќе фрлат нова драгоцена светлина за нејзина целосна оценка. За таа цел ќе треба посебно внимание да се посвети на местото и улогата на одделни тогашни партиски кадри и членови на Покраинскиот комитет како претпоставка за пасивизирање во акцијата.[8])

Резолуцијата што ја донесе Конференцијата има особено место во заокружувањето на нејзиното место и улога, односно за нејзиното значење. Но во нејзиното изучување треба да се оди со голема внимателност, бидејќи во третирањето на одделни прашања во Резолуцијата, се отстапува од марксистичките начела и не доаѓаат до израз веќе афирмираните ставови на КПЈ по националното прашање (немарксистички, на пример, се приоѓа кон прашањето на колонистите).

Особено критички однос, меѓутоа, треба да се има кон толкувањето на паролата (изнесена во Резолуцијата) за „создавање македонски национално-револуционерен фронт", дотолку повеќе што таа како таква, не се јавува во ниеден друг документ на другите покраински конференции што се

---

[6]) За овие прашања зборуваа Михаило Апостолски, Александар Христов и Орде Ивановски.

[7]) Оваа потреба ја истакна Бошко Станковски.

[8]) Овие прашања посебно ги образложија Велимир Брезовски и Миле Тодоровски.

одржуваа во тоа време во Југославија, во рамките на подготовките на Петтата земска конференција на КПЈ. Таквиот став, впрочем, во целост контрастира од тогашната линија на КПЈ по националното прашање. Таа дури во себе ги имплицира тенденциите за автономистички сепаратизам.[9])

На крајот да го речеме и тоа дека досегашните проучувања на оваа Конференција, што беше потврдено и во разговорот, недвосмислено зборуваат за нејзиното исклучително значење во развојот на КПМ и македонското национално-ослободително и социјално движење. Меѓутоа, уште многу прашања стојат отворени, недообјаснети. Нивното натамошно научно и објективно толкување е неопходно, а овој разговор, без сомнение, ќе значи силен поттик во тој поглед.

Данчо ПЕТРОВСКИ

## ОСМИ ЈУГОСЛОВЕНСКИ СИМПОЗИУМ ЗА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Во организација на постојаната комисија за наставата по историја при Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија на 28, 29 и 30 август 1980 година се одржа Осмиот југословенски симпозиум за наставата по историја во Приштина САП Косово.

На Симпозиумот беа разработени две основни теми:

1. Односот меѓу економската, политичката и културната историја во наставните програми, учебниците и наставната практика во основните и средните училишта во нашата земја и

2. Местото на наставата по историја во системот на воспитувањето и образованието.

На првата тема беа поднесени седум реферати од истакнати историчари, методичари и практичари од сите наши републики и покраини. Втората тема се разработи преку панел-дискусија за која беа поднесени четири уводни излагања. Покрај тоа поднесен беше уводен реферат посветен на животот и делото на другарот Тито.

Домаќин беше Друштвото на историчарите на САП Косово, кое ја подготви организацијата на Симпозиумот, сместувањето, стручната екскурзија и другите активности на учесниците.

Трите дена се работеше во новиот хотел „Гранд" каде беа сместени сите учесници и имаше одлични услови за работа и престој. На Симпозиумот беа присутни околу 250 учесници-професори и наставници по историја во основните и средните училишта, од педагошките академии и филозофските факултети, како и повеќе научни работници од сите наши републики и покраини. Од СРМ на

---

[9]) На овие проблеми се задржаа Владо Картов, Никола Чинго и Данчо Зографски, додека пак Владо Ивановски зборуваше за состојбите во младинското движење во Македонија во време на Конференцијата.